Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-336
Дата: 16.04.2026 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, кој го донесува инспекцискиот акт врз основа на член 200 став 1 точка 9 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25, 124/25), во врска со извршениот вонреден инспекциски надзор над Друштво за производство, трговија и услуги со електрична енергија СОЛИС ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, со седиште на ул. Златко Шнајдер бр. 6а Скопје-Центар, со ЕМБС 7576315, ЕДБ 4080022604439, одговорни лица Бранко Георгиевски- управител, со адреса на живеење на ул. Народен фронт бр. 23-4/1 Скопје-Центар, Центар и Вангел Весевски- управител, со адреса на живеење на Булевар АСНОМ бр. 144/3-3 Скопје-Аеродром, Аеродром, а врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник ИП1бр. 29-336 од 26.03.2026г. и ИП1бр. 29-336 од 30.03.2026г. го донесе следното:


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Друштвото за производство, трговија и услуги со електрична енергија СОЛИС ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, со седиште на ул. Златко Шнајдер бр. 6а Скопје-Центар, да ги отстрани недостатоците утврдени во Записник бр. 29-336 од 30.03.2026г и тоа:

   - Да изготви Елаборат за заштита на животната средина за Инфраструктурниот проект - трансформаторска станица 10/20кВ, лоцирана на КП 16590/1 КО Велес со кој ќе се оцени влијанието на дејноста/активноста врз животната средина, како и да го достави на одобрување до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање како надлежен орган.
   Рок: 90 (деведесет) дена по приемот на решението.

2. Субектот на инспекциски надзор од точката 1. на диспозитивот на овој инспекциски акт, е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена по истекот на истата писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
3. Жалбата изјавена против овој инспекциски акт, не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина, врз основа на член 24 од Законот за животната средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши вонреден инспекциски надзор над Друштво за производство, трговија и услуги со електрична енергија СОЛИС ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, со седиште на ул. Златко Шнајдер бр. 6а Скопје-Центар и состави Записник бр. 29-336 од 26.03.2026г., во кој е констатирано дека ДИЖС не може правилно да ја утврди фактичката состојба од причина што:

За електоренергетскиот објект на КП 16590/1 КО Велес, кој е предмет на Пријава од група граѓани има спротивни формулации: од една страна ЕВН (кој е сопственик на земјиштето, сопственик на постоечката трафостаница ТС1 на истата парцела и кој управува со електродистрибутивната мрежа) наведува дека се работи за изградба на нова трафостаница, а од друга страна СОЛИС ЕНЕРЏИ ДОО Скопје-како инвеститор на електроенергетскиот објект изјавува дека се работи за реконструкција на постоечката трафостаница ТС1 во сопственост на ЕВН. Анекс договорот, како документ кој ќе ги регулира правата и обврските на двете страни е во фаза на изготвување во ЕВН и кој дополнително ќе се достави од страна на ЕВН е неопходен за понатамошен тек на инспекциската постапка. Записникот е уредно потпишан и примен од страна на субјектот на надзор.

По доставата на документацијата од страна на ЕВН, во согласност со член 53 од Законот за инспекциски надзор, е составен Записник ИП1 бр. 29-336 од 30.03.2026г. за утврдување на фактите кои се релевантни за правилно утврдување на фактичката состојба.

Записникот е изготвен во службените простории на ДИЖС заради тоа што се работи исклучиво за утврдување на факти и околности во поведената инспекциска постапка во врска со побарана и доставена документација, а седиштето на субјектот на надзор е во Скопје. Примерок од записникот е доставен на потпишување до субјектот на инспекцискиот надзор по пошта со пропратно писмо бр. 29-336 од 30.03.2026г., во согласност со член 31 став 5 од Законот за инспекциски надзор во животната средина, а во врска со начелото за економичност и ефикасност во постапката, утврдено во член 7 од Законот за општата управна постапка, со доказ за уредно известување/достава.

Согласно горенаведениот запсник се констатира дека: На 26.03.2026г. од страна на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје на службениот меил на ДИЖС се доставени: Анекс бр. 1 кон Договор/Услови за приклучување на дистрибутивната мрежа бр. УПП 1/10-477/2023 од 26.03.2026г. и Анекс бр. 1 кон Договор/Услови за приклучување на дистрибутивната мрежа бр. УПП/1-10-478/2023 од 26.03.2026г. кои се склучени помеѓу ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје и Друштво за производство, трговија и услуги со електрична енергија СОЛИС ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, како и Решение за

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа УП1 бр. 10-477/2023 од 26.03.2026г. издадено за СОЛИС ЕНЕРЏИ ДОО Скопје од страна на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Согласно горенаведените два Анекси на Договор, во член 2 став 3 алинеја 1, обврска на барателот на приклучок СОЛИС ЕНЕРЏИ ДОО Скопје е проектирање и изградба на трафостаница 10/20kV и два среднонапонски кабли. Во член 2 став 8 од Анекс договор бр. УПП 1/10-477/2023 од 26.03.2026г. е наведено: “Конкретните услови на барателот за приклучок за изградба на трафостаница 10/20кВ ќе бидат наведени во издаденото Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа УП1 бр. 10-477/2023 од 26.03.2026г.”

Во наведеното Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа, со услови дефинирани во Прилог 1, во Обврски на барателот на приклучок, во алинеја 24 е дефинирано следното: За приклучок на планираната фотонапонска централа потребно е: точка 3. Да се изгради трансформаторска станица 10/20кВ со следниот распоред: среднонапонскиот блок на 10кВ напонска страна треба да содржи К1+К2+Тр каде К1 и К2 се кабелски приклучни ќелии, а Тр е трафо ќелија, додека среднонапонскиот блок на 20кВ напонско ниво потребно е да содржи Тр+К1 каде Тр е трафо ќелија додека К1 е кабелска приклучна ќелија. Согласно на доставен Основен проект, трансформаторот кој ќе биде поставен во оваа трансформаторска ќелија е со преносен однос 21/10,5кВ и моќност од 10000кВА.

Согласно оваа документација, како и со дополнителни консултации и стручна помош од службено лице од ЕВН КЕЦ Велес, се констатира дека се работи за изведување на Инфраструктурен проект - изградба на трансформаторска станица 10/20кВ, од страна на СОЛИС ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, а не за реконструкција на веќепостоечка трафостаница ТС1, во сопственост на ЕВН АД Скопје.

Елаборатот за заштита на животната средина за Реконструкција на постоечка трафостаница-10MVA,21/10,5kV/kV, со тех.бр. Ж12-015/25 од декември 2025г. изготвен од ИНТЕБАКО ДОО Скопје правилно не го дефинира инфраструктурниот проект, чија изведба е предмет на инспекцискиот надзор.

ДИЖС констатира дека се работи за поставување на трафостаница со електроенергетска опрема, која е со голема моќност, со 2620кг. трансформаторско масло во трансформатор, кој е поставен на отворено, заради што е неопходно да се изготви Елаборат за заштита на животната средина за овој инфраструктурен проект. Елаборатот за заштита на животната средина има за цел да се оцени влијанието на активностите/дејноста врз животната средина и истиот ќе треба да утврди дали се спроведени мерките за заштита на животната средина и здравјето на луѓето во случај на настанување на хаварија, несреќа или вонредна состојба, имајќи во

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

предвид дека објектот ќе биде под напон и во трансформаторот се содржи трансформаторско масло.

Согласно член 24 став 1 и став 4 од Законот за животната средина субјектот на надзор е должен да изработи Елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејноста/активноста врз животната средина.

Дејноста, односно активноста припаѓа во Прилог- Глава XI – Инфраструктурни проекти, точка 22. Трансформаторски станици над 10кВ од Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Службен весник на РМ бр. 80/09, 36/12). Содржината на Елаборатот е пропишана во Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистерот за одобрени елаборати (Службен весник на РМ бр. 44/13, 111/14).

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности и недостатоци од работењето на субјектот на надзор:

- за Инфраструктурниот проект - трансформаторска станица 10/20кВ на КП 16590/1 КО Велес не поседува Елаборат за заштита на животната средина одобрен од надлежен орган, во согласност со член 24 став 1 и став 4 од Законот за животната средина.

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување. Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекциски акт.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истиот.

За жалбата се плаќа административна такса од 250,00 (двеста и педесет) денари на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такси.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243